Европскиот
суд
за човекови
права

# ЕКЧП ВО **50** ПРАШАЊА



EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS
COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

MKD

# ЕКЧП

## во 50 прашања

Овој документ е изготвен од страна на Одделението за односи со јавност на Судот и истиот не го обврзува Судот. Тој е наменет да обезбеди основни и општи информации за работата на Судот. За подетални информации, ве молиме да се повикате на документите издадени од страна на Регистарот на Судот и кои што се достапни на интернет страницата на Судот www.echr.coe.int.

© European Court of Human Rights, 2021

European Court of Human Rights
Council of Europe
67075 Strasbourg cedex
France



## Европската конвенција за човекови права

### 1 Кога е усвоена Конвенцијата?

Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, пошироко позната како „Европска конвенција за човекови права", беше отворена за потпишување во Рим на 4ти ноември 1950 година. Таа влезе во сила на 3ти септември 1953 година.

Конвенцијата овозможи да станат ефективни одредени права наведени во Универзалната декларација за човекови права. Таа исто така воспостави нов меѓународен судски орган чија надлежност е да ги суди државите кои што не ги почитуваат своите обврски.

### 2 Што е протокол кон Конвенцијата?

Протокол кон Конвенцијата е текст кој што ја дополнува оригиналната верзија на Конвенцијата со едно или повеќе права или изменува некои од нејзините одредби.

Протоколите кои додаваат права во Конвенцијата се обврзувачки само за оние држави кои што ги потпишале и ратификувале. Држава која само потпишала одреден протокол, без истиот да го ратификува, не е обврзана со неговите одредби.

До денес, се усвоени 14 дополнителни протоколи.

### 3 Кои права се заштитени со Конвенцијата?

Државите кои што ја ратификувале Конвенцијата, исто така познати како „држави членки", се обврзуваат да ги признаат и гарантираат, не само на нивните државјани, туку на сите лица под нивна надлежност, основните граѓански и политички права кои што се предвидени со Конвенцијата.

Правата и слободите признати со Конвенцијата ги вклучуваат правото на живот, правото на правична судска постапка, правото на почитување на приватниот и семејниот живот, слободата на изразување, слободата на мислење, совест и вера, како и заштитата на сопственоста. Конвенцијата особено забранува мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување, принудна работа, арбитрерно и незаконито лишување од слобода и дискриминација во уживањето на правата и слободите признаени со Конвенцијата.

Најчесто поставувани прашања

### 4 Дали Конвенцијата еволуира?

Да. Конвенцијата еволуира, особено преку толкувањето на нејзините одредби од страна на Европскиот суд за човекови права. Преку својата судска практика, Судот овозможува Конвенцијата да биде жив инструмент. На овој начин, Судот ги проширува признатите права, применувајќи ги во ситуации кои што не биле придвидливи кога Конвенцијата била првично усвоена.

Конвенцијата исто така еволуира кога протоколите додаваат нови права: на пример, со влегувањето во сила, во јули 2003 година, на Протоколот број 13 во врска со укинувањето на смртната казна во сите околности, или во април 2005, со Протоколот број 12 во врска со забраната на дискриминација.

### 5 Дали домашните судови се должни да ја применуваат Конвенцијата?

Конвецијата се применува на национално ниво. Таа е составен дел од законодавството на државите членки, кои што се обврзуваат да ги заштитуваат правата предвидени со Конвенцијата. Затоа, домашните судови треба да ја применуваат Конвенцијата. Во спротивно, Европскиот суд за човекови права може да ја осуди државата, и тоа, во случај на поплаки од страна на поединци, кои тврдат дека нивните права не биле почитувани.

## Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП)

### 6 Каков е составот на судот?

Бројот на судиите во Судот е еднаков со бројот на држави членки на Конвенцијата.

### 7 На кој начин се избираат судиите на Судот?

Судиите се избрани од страна на Парламентарното собрание на Советот на Европа, од листа на тројца кандидати, кои што се предложени од страна на секоја држава. Тие се избираат за мандат од девет години, кој не може да биде обновен.

### 8 Дали судиите се навистина независни?

Иако судиите се избрани во однос на една држава, тие заседаваат во Судот во лично својство и не ја претставуваат таа држава. Тие се целосно независни и не може да вршат никаква активност која што е некомпатибилна со нивните обврски на независност и непристрасност.



### 9 Дали судиите заседаваат во случаи што се однесуваат на нивната сопствена држава?

„Националните судии“ не може да заседаваат во формат на судија поединец. Во исклучителни случаи, тие може да бидат поканети да заседаваат во рамките на Одбор. Меѓутоа, „националниот судија“ е секогаш вклучен во разгледувањето на случаи пред Судскиот совет од седум судии или пред Големиот судски совет од седумнаесет судии.

### 10 Што е Регистарот и како тој функционира?

Регистарот е тело составено од персоналот на Судот, кое што му овозможува на Судот правна и административна поддршка во неговата судска работа. Тој е составен од правници, административен и технички персонал, како и од преведувачи.

### 11 Колку изнесува буџетот на Судот?

Оперативните трошоци на Судот ги сноси Советот на Европа, чиј буџет се финансира од придонесите на државите членки, во согласност со таблици, кои што ги имаат во предвид бројот на жители и БДП (бруто домашен производ) на секоја држава.

Буџетот на Судот ги покрива платите на судиите и на персоналот, како и разните режиски трошоци (информатичка технологија, службени патувања, превод, публикации, репрезентативни трошоци, правна помош, мисии поврзани со прибирање факти итн.).

### 12 Дали составот на Судот може да варира во зависност од случајот?

Да, случаите се разгледуваат во рамките на еден од четирите формати на Судот.

Очигледно недопуштените жалби се разгледуваат од страна на судија поединец. Одбор од тројца судии може, со едногласна одлука, да одлучи во врска со допуштеноста и основаноста на случаите чие што предметно прашање е веќе предмет на долго воспоставената судска практика на Судот. Одредена жалба може исто така да биде ставена за разгледување пред Судски совет од седум судии, кој што одлучува со мнозинство гласови, најчесто за допуштеноста и основаноста на случаите.

Исклучително, Големиот судски совет од седумнаесет судии разгледува случаи кои што му се доставени со отстапување на надлежноста од страна на одреден Судски совет или кога е прифатено барањето за упатување на случај пред Големиот судски совет.

## 13 Која е разликата помеѓу Судски совет и Секција?

Секција е административен ентитет, додека пак, Судски совет е правен формат на Судот во рамките на определена Секција.

Судот има пет Секции во чии рамки се формираат Судските совети. Секоја Секција има претседател, подпретседател и определен број на судии.

## 14 Како се формираат Судските совети и Големите судски совети?

Судскиот совет е составен од претседателот на Секцијата на која што ѝ е доделен определен случај, од „националниот судија" (судијата избран во однос на една држава против која што е поднесена жалба), како и од пет други судии назначени од страна на претседателот, врз основа на системот на ротација.

Големиот судски совет е составен од претседателот и подпретседателите на Судот, претседателите на Секциите, како и од националниот судија, заедно со други судии избрани врз база на системот на влечење ждрепка. Кога Големиот судски совет заседава на случај кој што му е дополнително упатен, судиите кои претходно биле во составот на Судскиот совет кој прв го разгледувал случајот, не се вклучени во Големиот судски совет.

## 15 Кога Големиот судски совет разгледува случаи?

Постапка пред Големиот судски совет може да се поведе преку две различни форми: со отстапување на надлежноста од страна на определен Судски совет или кога е прифатено барање за упатување на случај пред Големиот судски совет.

Имено, откако Судскиот совет ќе донесе пресуда, секоја страна во случајот може да побара упатување на истиот пред Големиот судски совет, а таквите барања се прифаќаат само во исклучителни услови. Група од судии на Големиот судски совет одлучува дали да го прифати или одбие барањето за упатување на случајот пред Големиот судски совет за истиот да биде одново разгледуван.

Определени случаи може исто така да бидат отстапени на Големиот судски совет, кога еден од Судските совети одлучил да отстапи таков случај. Меѓутоа, оваа можност е исто така исклучителна. Судскиот совет, на кого му е доставен определен случај, може да го отстапи истиот на Големиот судски совет, доколку случајот предизвикува сериозно прашање во врска со толкувањето на Конвенцијата или доколку постои ризик за контрадикција со одлука што Судот претходно ја донел.





## 16 Дали судиите можат да одбијат да заседаваат во определен случај?

Да. Судиите се всушност должни да се воздржат од учество во разгледување на определен случај, доколку во било кое својство, претходно биле инволвирани во тој случај. Оваа ситуација е наречена изземање. Судиите тогаш се заменети во постапката од страна на друг судија. Кога станува збор за изземање на националниот судија, ќе биде назначен ад хок судија.

## 17 Што е ад хок судија?

Ад хок судија е назначен од страна на засегнатата влада, во случај на спреченост, изземање или повлекување на националниот судија.

## 18 Кои се рамките на надлежност на Судот?

Судот не може да започне со спроведување на случаи по сопствен предлог. Тој е надлежен да ги разгледува наводите за повреда на Европската конвенција за човекови права, постапувајќи по индивидуални или меѓудржавни жалби.

# Постапката пред Судот

## 19 Кој може да поднесе жалба пред Судот?

Конвенцијата прави разграничување помеѓу два вида на жалба: индивидуална жалба, поднесена од страна на некое лице, група на поединци, компанија или невладина организација, кои што поднесуваат жалбени наводи за повреда на неговите или нејзините права, како и меѓудржавна жалба, поднесена од една држава против друга држава.

Од основањето на Судот, речиси сите жалби се поднесени од страна на поединци кои се обратиле со нивните случаи директно до Судот, сметајќи се за жртви на една или повеќе повреди на Конвенцијата.

## 20 Против кого се поднесуваат жалби?

Жалбите пред Судот може да бидат поднесени само против една или повеќе држави кои што ја ратификувале Конвенцијата. Секоја поднесена жалба, на пример, против друга држава или против поединец, ќе биде прогласена за недопуштена.

### 21 На кој начин се поднесуваат жалбите пред Судот?

Жалбите може да се поднесуваат директно од страна на поединци. Помош од страна на адвокат не е неопходна на почетокот на постапката. Доволно е до Судот да се испрати правилно пополнетиот образец за жалба, како и потребните документи во врска со жалбата. Меѓутоа, регистрирањето на жалбата од страна на Судот не претставува гаранција дека жалбата ќе биде допуштена или дека предметното прашање ќе биде основано.

Системот на Конвенцијата обезбедува „лесен" пристап до Судот, овозможувајќи му на секој поединец да поднесе жалба, дури и доколку тој или таа живее во далечен регион на државата членка или ако истиот или истата не поседува никакви финансиски средства. Имајќи го во предвид горенаведеното, не постојат никакви трошоци кои што се плаќаат за постапка пред Судот.

### 22 Која е разликата помеѓу индивидуална жалба и меѓудржавна жалба?

Најголемиот број од жалби поднесени пред Судот се индивидуални жалби поднесени од страна на приватни лица. Една држава може исто така да поднесе жалба против друга држава членка на Конвенцијата. Овие жалби се наречени меѓудржавни жалби.

### 23 Дали е потребно подносителите на жалба да бидат застапувани од страна на адвокат во судската постапка пред Судот?

Правното застапување не е неопходно на почетокот на постапката. Секој може директно да го изнесе случајот пред Судот. Сепак, помошта од страна на адвокат станува неопходна доколку Судот за случајот ја информира Владата на државата во прашање, за да истата ги поднесе своите видувања во врска со случајот. Почнувајќи од таа фаза на постапката, ако е потребно, на жалителот може да му биде обезбедена правна помош.

### 24 Кои лица имаат право да доставаат законски поднесоци пред Судот?

Не постои листа на овластени адвокати кои што може да достават писмени или усни поднесоци пред Судот. Жалителот може да биде застапуван од страна на секое лице кое што е квалификувано за пракса на адвокат во една од државите членки на Конвенцијата или кое што по однос на ова, е овластено од страна на претседателот на Судскиот совет.



Најчесто поставувани прашања

### 25 Кои се различните фази на постапката пред Судот?

Постојат две главни фази во разгледувањето на случаи поднесени до Судот: фазата на допуштеност и фазата на основаност на жалбата (односно, разгледување на суштината на жалбените наводи). Самата обработка на жалбата поминува исто така низ неколку различни фази.

Во рамките на форматот на судија поединец, Судот ќе ја прогласи за недопуштена жалбата чија што недопуштеност е јасна уште од самиот почеток. Оваа одлука не може да се обжали.

Одборите донесуваат конечна одлука или пресуда во случај кој што е предмет на долго воспоставената судска практика на Судот.

Еден од Судските совети ќе ја информира за случајот Владата на засегнатата држава, за да истата ги поднесе своите видувања во врска со случајот. Двете страни поднесуваат писмени видувања. Потоа, Судот одлучува дали е соодветно да се одржи јавна расправа на случајот во прашање. Сепак, имајќи го во предвид бројот на разгледувани жалби од страна на Судот, оваа можност е исклучителна. На крајот, Судскиот совет ќе донесе одлука која што ќе стане конечна само по истекувањето на рокот од три месеци за време на кој жалителот или Владата може да побара упатување на случајот пред Големиот судски совет за истиот да биде одново разгледуван. Доколку барањето за упатување на случајот пред Големиот судски совет е прифатено од страна на Групата од судии на Големиот судски совет, случајот ќе биде одново разгледуван и доколку е неопходно, ќе се оддржи јавна расправа. Пресудата на Големиот судски совет ќе биде конечна.

### 26 Кои се условите за допуштеност на жалбите?

Жалбите треба да задоволат одреден број на критериуми за да можат да бидат прогласени за допуштени од страна на Судот. Во спротивен случај, жалбите нема воопшто да бидат разгледувани. Жалбите пред Судот може да бидат поднесени само откако ќе бидат исцрпени сите домашни правни средства. Со други зборови, поединците кои што се жалат на повреда на нивните права, мора, пред да се обратат до Судот, да поднеле жалба во врска со истиот случај пред домашните судови на засегнатата земја, и тоа до највисокото можно ниво на јурисдикција. На овој начин, ќе ѝ биде дадена можност на државата, најпрво таа самата на национално ниво да ги надомести наводните повреди.

Наводите на жалителот мора да се однесуваат на едно или повеќе од правата предвидени со Конвенцијата. Судот не може да разгледува жалби кои се однесуваат на повреди на други права. Жалбите мора да бидат поднесени пред

Судот во рок од четири месеци сметано од датумот на кој што е донесена последната судска одлука во случајот, што пак вообичаено е пресудата на највисокиот суд во засегнатата земја. Жалителот мора да бил, лично и директно, жртва на повредите на Конвенцијата и мора да претрпел значителна штета. Се разбира, не треба да се заборави дека жалбите може да бидат поднесени само против една или повеќе држави членки на Конвенцијата, а не против било која друга држава или поединец.

### 27 Дали на невладините организации или на државите им е дозволено да учествуваат во постапката?

Да, невладините организации, како и државите, имаат право да поднесат жалби. Покрај тоа, на истите може да им биде дозволено од страна на претседателот на Судот да интервенираат во постапката како трета страна.

### 28 Што е интервенција на трета страна?

Претседателот на Судот може да му дозволи на друго лице, различно од жалителот, како и на секоја држава членка на Конвенцијата, различна од таа против која што е поднесена жалбата, да интервенира во постапката. Оваа ситуација е наречена интервенција на трета страна. Лицето или државата во прашање има право да достави поднесоци и да учествува на јавните расправи.

### 29 Дали Судот може да назначи експерти или да сослушува сведоци?

Да. Во исклучителни ситуации, Судот може да одлучи да преземе истражни мерки и да патува во одредени држави со цел да ја разјасни фактичката ситуација на дадени случаи. Делегацијата на Судот може да сослушува сведоци и да врши истрага на терен.

Судот повремено назначува експерти, на пример, кога е потребно доктори-експерти да ги прегледаат жалителите кои се наоѓаат во затвор.

### 30 Дали Судот оддржува јавни расправи?

Судот има во основа писмена процедура, меѓутоа повремено, во одредени случаи, тој може да одлучи да оддржи јавна расправа.

Расправите се оддржуваат во зградата на човековите права во Стразбур. Тие се јавни, освен доколку не е поинаку одлучено од страна на претседателот на Судскиот совет или на Големиот судски совет, во зависност од случајот во прашање. Како резултат на тоа, на медиумите и на јавноста им е најчесто дозволено да присуствуваат на јавните





расправи, тие едноставно само треба да ја покажат својата новинарска легитимација или лична карта при влегување во Судот.

Сите расправи се снимаат и се емитуваат на веб страната на Судот истиот ден, со почеток од 14.30 часот (локално време).

### 31 Што се прелиминарни приговори?

Прелиминарните приговори се состојат од аргументи поднесени од страна на засегнатата влада во поддршка на нејзиното барање дека случајот не треба да биде разгледуван по однос на неговата основаност.

### 32 Што претставува пријателско спогодување?

Пријателско спогодување е договор помеѓу двете страни да стават крај на судската постапка започната со жалбата. Кога засегнатите страни се согласни да го решат нивниот спор на овој начин, разврската на случајот се состои најчесто во исплаќање на жалителот, од страна на државата, на одредена сума на пари. По разгледувањето на условите на пријателското спогодување, и доколку Судот не смета дека почитувањето на човековите права наложува продолжување на постапката, тој ќе го избрише случајот од листата на предмети.

Судот секогаш ги охрабрува страните да преговараат со цел да се постигне пријателско спогодување. Доколку ваков договор не е постигнат, Судот ќе продолжи со разгледување на основаноста на жалбата.

### 33 Дали Судот може да изрече привремени мерки?

Кога Судот ќе прими одредена жалба, тој може да одлучи дека државата против која истата е поднесена, треба да преземе одредени привремени мерки, додека во меѓувреме Судот го разгледува случајот. Овие мерки вообичаено се состојат од барање до државата да таа се воздржи од спроведување на одредени дејствија, како што е на пример да не се испорачуваат поединци во земја за каде што има наводи дека истите би се соочиле со смрт или мачење.

### 34 Дали разгледувањата на случаи од страна на Судот се отворени за јавноста?

Не, разгледувањата на случаи од страна на Судот се секогаш тајни.

### 35 Дали некогаш државите имаат одбиено да соработуваат со Судот?

Постојат случаи каде што одредени држави пропуштиле или дури одбиле да му обезбедат на Судот одредени информации и документи потребни во разгледувањето на жалбата.

Во такви случаи, Судот може да одлучи дека засегнатата држава го повредила членот 38 од Конвенцијата (обврска на државите да му ги обезбедат на Судот сите неопходни услови).

### 36 Колку време вообичаено траат постапките пред Судот?

Невозможно е да се каже колку време ќе трае постапката пред Судот.

Судот се труди да ги реши случаите во рок од три години од поднесувањето на жалбата. Сепак, разгледувањето на одредени случаи може да трае подолго, а други може да се обработат за многу пократко време.

Времетраењето на постапката пред Судот очигледно варира во зависност од случајот, форматот на Судот на кој случајот му е доделен за разгледување, исполнителноста на страните во обезбедувањето на информации пред Судот и многу други фактори, како што се оддржување на јавна расправа или доставување на случајот пред Големиот судски совет.

Некои жалби може да бидат квалификувани како итни и нивното решавање е приоритетно. Ваква е ситуацијата, особено во случаи каде што има наводи од страна на жалителот дека тој или таа се соочува со непосредна опасност од физичка повреда.

## Одлуките и пресудите на Судот

### 37 Која е разликата помеѓу одлука и пресуда?

Одлуката е обично донесена од страна на судија поединец, на Одбор или на Судски совет на Судот. Таа се однесува само на допуштеноста, а не на основаноста на жалбата. Вообичаено, Судските совети ја разгледуваат истовремено допуштеноста и основаноста на жалбата и потоа донесуваат пресуда.

### 38 Дали државите се обврзани со пресудите кои што се донесени против нив?

Пресудите со кои што е утврдена одредена повреда се обврзувачки за засегнатите држави кои што се должни да ги извршат. Комитетот на министри при Советот на Европа го следи извршувањето на пресудите, особено кога станува збор за исплаќање на жалителите на одредени суми на пари, доделени од страна на Судот како надомест за штетата што тие ја претрпеле.

### 39 Дали пресудите може да бидат обжалени?

Одлуките за недопуштеност, како и пресудите донесени од страна на Одбор или на Голем судски совет се конечни и не може да бидат обжалени. Сепак, страните можат, во рок од три месеци од донесувањето на пресудата од страна на Судскиот совет, да побараат упатување на случајот пред Големиот судски совет за истиот да биде одново разгледуван. Барањата за упатување на случајот пред Големиот судски совет се разгледуваат од страна на група на судии која што одлучува за тоа дали упатувањето на случајот пред Големиот судски совет е соодветно или не.

### 40 На кој начин се извршуваат пресудите на Судот?

Кога Судот ќе донесе пресуда во која што утврдува дека постои повреда, тој го пренесува случајот на Комитетот на министри при Советот на Европа. Истиот се советува со засегнатата држава и со одделот надлежен за извршување на пресуди со цел да се одлучи на кој начин пресудата ќе биде извршена и како да се спречат во иднина слични повреди на Конвенцијата. Конкретно, ова значи дека ќе бидат преземени општи мерки, особено измени на законите, како и поединечни мерки, доколку е тоа неопходно.

### 41 Кои се последиците од пресуда со која е утврдена повреда?

Доколку биде утврдена одредена повреда, засегнатата држава мора да биде внимателна и да се осигура дека таквите повреди нема да се случат повторно во иднина. Во спротивно, Судот може да донесе нови пресуди против оваа држава. Во одредени случаи, државите ќе мора да го изменат своето законодавство, со цел да го усогласат со Конвенцијата.

### 42 Што претставува правично задоволување?

Кога Судот утврдува дека постои повреда направена од страна на одредена држава и дека жалителот претрпел штета, тој му овозможува на жалителот правично задоволување. Конкретно, станува збор за одредена сума на пари која што се исплаќа како надомест за штетата. Комитетот на министри обезбедува навистина на жалителот да му биде исплатена секоја сума на пари, доделена од страна на Судот.

## 43 Што е „пилот случај"?

Во текот на изминатите неколку години, Судот разви нова процедура која што се однесува на масивниот прилив на жалби кои што се доставуваат за слични прашања, исто така познати како „системски прашања". Поточно, станува збор за проблеми кои што произлегуваат од неусогласеноста на домашното право со Конвенцијата.

Затоа, Судот од неодамна започна да спроведува постапка која што се состои од разгледување на една или повеќе жалби од овој вид, додека пак разгледувањето на одреден број на слични предмети е привремено прекинато (со други зборови, одложено). Кога Судот донесува пресуда во рамките на „пилот случај", тој ја повикува засегнатата влада да го усогласи домашното законодавство со Конвенцијата и притоа ѝ укажува на општите мерки кои што истата треба да ги преземе. Судот потоа продолжува со решавање на другите слични случаи.

## 44 Што е издвоено мислење?

Судиите може да сакаат да подготват посебно мислење во врска со случај за кој што одлучувале. Нивното мислење ќе биде приложено на пресудата. Генерално, судиите објаснуваат зошто гласале заедно со мнозинството (мислење во кое што ја искажуваат нивната согласност со пресудата) или во спротивно, зошто не се согласиле со мнозинството судии (различно мислење).

# Активноста на Судот

## 45 Колку жалби се поднесени пред Судот?

Судот е жртва на сопствениот успех: преку 50 000 нови жалби се поднесуваат секоја година. Реперкусиите предизвикани од одредени пресуди на Судот, како и зголемената репутација на неговата работа помеѓу државјаните на државите членки, имаат значително влијание врз бројот на случаи кои што се поднесуваат секоја година.

## 46 На кои права се однесуваат најчесто случаите пред Судот?

Во отприлика половина од пресудите донесени од самото основање на Судот, во кои што е утврдена одредена повреда, Судот нашол повреда на член 6 од Конвенцијата во врска со правичноста и должината на постапката. Конкретно, 62 проценти од повредите утврдени од страна на Судот се однесуваат или на член 6 (право на правична постапка) или на член 1 од Протоколот број 1 (заштита на сопственоста). Потоа, во





отприлика 9 проценти од случаите, Судот утврдил сериозна повреда на членовите 2 и 3 од Конвенцијата (право на живот и забрана на мачење и нечовечко или понижувачко постапување).

## 47 Дали привремените мерки се навистина ефикасни?

Иако државите речиси секогаш ги следат укажувањата на Судот што се однесува до привремените мерки, сепак може да се случи некои од нив да не ги почитуваат барањата на Судот. За тие држави, може да биде утврдено од страна на Судот дека не ги испочитувале нивните обврски согласно член 34 (индивидуална жалба).

## 48 Дали Судот се занимава со општествени прашања?

Судот се нашол повеќе пати во ситуација да донесува одлука за проблеми кои што не биле предвидливи кога Конвенцијата е потпишана во 1950 година. Во текот на изминатите 50 години, Судот решавал многу општествени прашања, како што се на пример: прашања во врска со абортусот, потпомогнато самоубиство, телесен преглед, домашно ропство, право на секого да не биде спречен во трагањето на своето потекло, заради можноста на мајката да се породи без да го открие својот идентитет, носење на исламски шамии во училиштата и на универзитетите, заштита на потеклото на новинарските информации, дискриминација против Ромите и прашања во врска со заштита на животната средина.

# Иднината на Судот

## 49 Во што се состои Протоколот број 14?

Целта на Протоколот број 14 е да гарантира долгорочна ефикасност на Судот преку оптимизирање на филтрирањето и обработката на жалби. Особено, тој овозможува новите судски формати да ги решаваат наједноставните случаи, предвидува нов критериум за допуштеност (во врска со постоењето на „значителна штета"), како и продолжување на мандатот на судиите до 9 години без можност за повторен избор. Овој протокол влезе во сила на 1ви јуни 2010 година.

## 50 *Дали во иднина се предвидуваат реформи?*

Независно од Протоколот број 14, се смета дека понатамошни реформи на системот на Конвенцијата се неопходни. Во овој поглед, групата на мудри личности, составена од еминентни правници, му поднесе извештај на Комитетот на министри во ноември 2006 година. Помеѓу предлозите на групата, се наоѓаат воспоставување на нов механизам за филтрирање, како и разработка на Статут во врска со одредени организациски елементи во функционирањето на Судот. Овој статут би можел да биде изменет на пофлексибилен начин во споредба со процесот на измена на меѓународните инструменти, кој што се применува во однос на Конвенцијата.

Во моментов, Управниот комитет за човекови права при Советот на Европа ги разгледува различните предлози.

EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS
COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME

www.echr.coe.int